ХРАНА ЗА СИТЕ -
БАНКА ЗА ХРАНА МАКЕДОНИЈА

# ИНТЕГРИРАН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

***НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ***

БАНКАТА ЗА ХРАНА МАКЕДОНИЈА Е АСОЦИЈАТИВНА ЧЛЕНКА НА ЕВРОПСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА БАНКИ ЗА ХРАНА - ФЕБА

Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица

**“ХРАНА ЗА СИТЕ – БАНКА ЗА ХРАНА МК“ Скопје**

**јануари 2023, Скопје**

# Вовед

**БАНКА ЗА ХРАНА МАКЕДОНИЈА (БХМК)** е хуманитарна, непрофитна организација посветена на намалување на сиромаштијата и гладта во Република Северна Македонија преку акции за „спасување“ на вишоците безбедна храна и нејзина ре-дистрибуција до социјално загрозените и ранливи категории на граѓани. БХМК е официјално основана во јануари 2011 година и оттогаш, дејствува како придружна членка на Европската Федерација на Банки за Храна (ФЕБА).

„Храна за сите – Банка за Храна МК - БХМК“ има мисија и цел да се бори против гладот и недостигот од храна во Република Северна Македонија, со цел активно да придонесе во борбата на општеството за намалување на сиромаштијата посебно гладот, вишокот и загубите во храна.

Целокупното делување на организацијата е посветено на: создавање синџир од граѓани-волонтери, производители на храна, земјоделци, претставници на прехранбената индустрија, на супермаркетите, со чија што помош, БХМК, во посредство со официјалните институции надлежни за креирање на социјалните политики; Центрите за социјални работи и установи, народните кујни, хуманитарните организации, собира, складира, евидентира и неодложно навремено и доследно дистрибуира донирана храна наменета за финансиски немоќните и ранливи категории на граѓани.

БХМК е посветена на развивање политики на застапништво за социјално загрозените граѓани во остварување на нивното правото и основна потреба – храната.

Во 2018 година организацијата почна со ново поглавје во своето работење отпочнувајќи со најголемиот проект (и единствен како Банка за храна во Југоисточна Европа) со наслов **B-C-C Ефект** - зајакнување на капацитетите и подобрување на надлежностите за вистинско ублажување на (со храна) сиромаштијата поддржан од Европската Унија.

Овој проект ја постави Банката за храна МК на водечкото место помеѓу бројните граѓански организации кои работат во полето на помош, поддршка и сервис на граѓаните во своите средини, а воедно и како организација во рамки на горе споменатиот проект отпочна поставување на темели т.е. надградба на поранешните, градејќи ја Коалицијата против гладот и фрлањето храна која на крајот од 2018 година броеше 19 граѓански организации.

Несмомнено дека од средината на 2020 г. до средината на 2022 година со Инстиуционалната помош и поддршка од страна на Цивика Мобилитас програмата завзема значително место во работата на нашата организација, која продолжи и во текот на наредната година.

Во 2022 година како и минатата, се здобивме и со неколку за нас значајни образовни, општествено јавни институции и организации кои банкарството со храна го прифатија како модел на подигање на јавната свест за гладот, сиромаштијата и секако појавата на вишоци корисна и здрава храна кои завршуваат на ѓубриштата низ целата држава.

Во 2022 година продолжи стратешко партнерство со Мисијата на Баптистичката Црква од Соединетите Američки Држави во Македонија – ЦБФ Македонија, партнерство кое во оваа година резултира со обезбедување (купување) локација-плац во Општина Ѓорче Петров нас. место Волково за изградба на заедничко складиште и административен простор (за свои потреби) за потребите на двете организации.

Во текот на 2022 година со помош на Европската Федрација на Банки за храна – ФЕБА обезбедивме поддршка за нашето изнајмено складиште и административен простор, како и доволно средства за вработување на едно лице.

Банка за храна Македонија
Food Bank Macedonia

EUROPEAN FOOD BANKS FEDERATION
FEBA

**10 ГОДИНИ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА ЕВРОПСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА БАНКИ ЗА ХРАНА – ФЕБА**

**НИЕ, Банкарите со храна во Македонија славиме**

11.1.2011
1т

11 YEARS ANNIVERSARY

11.1.2022
360т

ПОЧИТ И ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО СИТЕ ВАС, КОИ НЕ ПОМАГАВТЕ И ПОДРЖУВАВТЕ СИТЕ ОВИЕ ГОДИНИ

# 11 ГОДИНИ ПОСВЕТЕНА И ОТЧЕТНА РАБОТА

## ШТО ИМАМЕ

- 3 БАНКИ ЗА ХРАНА (2 НЕФОРМАЛНИ)
- 45 ВОЛОНТЕРИ ВО 3 ОПШТИНИ
- НАШИ ПРОСТОРИИ КОМПЛЕТ ОПРЕМЕНИ
- НАШИ ДВЕ СКЛАДИШТА - 170М2
- НАШ ПОСЕД - ПЛАЦ ОД 700М2
- 2 ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА

bankazahrana.org

## Реализирани проекти во текот на 2022

## Проект: Институционална поддршка за зајакнување на капацитетите и поддршка на програмата на организацијата Храна за сите Банка за храна МК во рамки на Институционален грант поддржан од програмата на Цивика мобилитас 2020-2022.

***Целта на поддршката и реализација на планираните клучни активности се насочени кон:***

- **Подобрување на политики за управување со вишокот на храна и поволно опкружување за непрофитните оператори кои работат со донирани вишоци на хана**
- **Интерконекција на граѓанскиот сектор со надлежните институции, бизнис секторот и граѓаните со цел креирање на силен сектор, активни граѓани и одговорна власт.**
- **Активна соработка со сите сектори во општеството, при реализацијата на Стратешката програма на организацијата и градење на нејзините капацитети но и Коалициските партнери на локално и нациоанално ниво**
- **Активно вклучување на граѓанските организации на локално и национално ниво во креирањето на политики и носењето на одлуки во корист на заедницата и општеството во целина, секако и засегнатите страни.**

Вкупна поддршка за реализација на Програмата на организацијата од страна на Цивика мобилитас за двогодишниот грант 2020 – 2022 година изнесуваше **4.000.000,00 денари.**

***Реализирани активности во рамки на Институционалната поддршка на Цивика мобилитас во 2022 години:***

- **Финализиран Акцискиот и Стратешкиот план за организациски развој на Банката за храна Македонија со помош на избрана Менторка од страна на Цивика мобилитас**
- **Поддршката на Цивика мобилитас видно се огледа во сите публикации кои се изработија и издадоа во текот на 2020 до 2022 година**
- **Со поддршка на Цивика мобилитас нашата организација успеа да се брендира со уникатни работни елеци и маци и со тоа да добие на своја визуелна препознатливост во јавноста**
- **Учество на сите Форуми и средби во организација на Цивика мобилитас како и средби во организација на МЦМС – мај 2022 во Охрид - civica_vmrezuvanje_ohrid_5.2022_link**
- **Активно учество на Фестивалот на Цивика мобилитас "Ден на Граѓански организации" – октомври 2022 - civica_festival-na-GO_2022_link**
- **Втор пат по ред во 11 години постоење со поддршка од Цивика мобилитас на нашата организација успешно се реализира Независна Ревизија на целокупното материјално и финансиско работење за 2021 година**
- **Благодарејќи на Цивика мобилитас успеваме да пттикнеме и ангажираме бројни волонтери студенти од Универзитетот УКИМ во Скопје - mladi_BHMK_ambasadori_link**

- **На иницијатива на Банка за храна Војводина, во Ириг Република Србија, се реализира заедничка средба на Банките за храна од Косово, Банката за храна Ниш каде се потпиша меморандум за соработка со трите Банки за храна, како почеток за развој и здружување во една заедничка Платформа на Балкански банки за храна - balkan_food_banks_link**
- **Со значителен придонес и Институционална поддршка од членовите на Цивика мобилитас, МЦМС и секако поддршка (дел) во рамки на Институционалниот грант реализиравме хуманитарна акција обезбедување на повеќе од 200 прехранбени пакети за над 200 семејства средства во 4 општини – Скопје –Општина Центар, Штип, Кавадраци и Куманово - civica_link**
- **Со поддршка на Цивика мобилитас во 4 градови - Скопје, Штип, Битола и Кавадарци во исто време и под исто мото "Вашето малку, за нив е многу!" реализиравме заедничка хуманитарна акција која својот успех го измери во собрани стотици килограми храна за фамилии во социјален ризик. Истата беше споделена заедно со други донации во прехранбените пакети до повеќе од 100 фамилии во четирите градови. - civica_bhmk_4_gradovi_link**
- **Поминаа повеќе од две години кои за нас, целото општество па и целиот Свет беа посебно тешки и бевме сооочени со бројни искушенија и предизвици, особено во однос на можностите да се помогне на секое едно семејство или поединец кои "лутајќи" на сите страни беа неми посматрачи на пандемичното лудило кое беше присутно во нашето општество. На наш заеднички предлог со партнерите на Банката за храна Македонија, а врз основа на сите показатели за нивната посветеност и искрена соработка со нас и нашите соработници одлучивме да им доделиме СТАТУЕТКИ и БЛАГОДАРНИЦИ на сите чинители на добри дела и хуманост споделени преку нас до крајните корисници нарекувајќи ги SВЕЗДИ ПРОТИВ КОВИД 19. Настанот се реализира на почетокот на Јуни 2022, воедно тоа беше настан и за презентација на сработеното во рамки на Институционалниот грант ЦМ-ИНС-05 за периодот 2020 – 2022. Дел од атмосферата од настанот:**









<u>Проект:</u> во Рамки на **Програмата за инвестирање во животната средина за 2022 година за правни и физички лица, непрофитни и невладини организации и научни и образовни институции со насловен проект “Намалување на отпадот од вишокот храна“ во Кавадарци и околината**




**Целта на проектот беше да се подигне свеста кај сите граѓани за проблемот со отпадот и загубите во храна наспроти потребата од истата кај голема група наши сограѓани во социјален ризик.**

**Активности кои беа во планот и кои се реализираа во рамки на проектот:**

- Запознавање на младите од основните и средните училишта
- Запознавање на граѓаните со донирање на вишокот храна
- Поставување корпи за донации на соодветни места
- Заменување на вишокот храна со книги и платнени торби
- Спроведување на награден конкурс
- Поставување инфо табли во наведените општини
- Посетување бизнис субјекти
- Соработка со општината и основните и средни училишта

<u>Дел од амосферата при реализација на дел од активностите:</u>








## Прием и дистрибуција на донирана храна и хигиенски средства во 2022

Впишаното во нашата мисија и цел, а тоа е прием, евиденција и дистрибуција на донирана храна и хигиенски средства е централно и најбитно место во секојдневието на нашето работење и постоење како организација.

Во текот на 2022 година, при крај со Ковид 19 криза успеавме да излобирме и поделиме над 290 тони прехранбени производи и дел хигиенски средства до нашите постојани корисници, но имавме можност да споделиме прехранбени пакети и со дел од членките на ВСС Ефект Коалицијата во неколку градови, нови на листата на нашето делување т.е. поддршка на фамилии во социјален ризик и сиромаштија.

***Во овој извештај ќе ги претставиме дел од поддржувачите и акциите во 2022г.***

## Леб, лиснати и сувомесни производи од ЕНВИРУМ Скопје

Проектот "Леб и лиснати производи" од ЕНВИРУМ Скопје продолжи и во 2022 година, проект во чии рамки се опфатени 9 градови (Куманово, Кочани, Струмица, Кавадраци, Битола, Прилеп, Охрид и Скопје, Кавадраци ширум државата и во чии рамки **се вклучени локални партнер организации во тие градови со свои волонтери.**

**Во рамки на овој проект се** реализира донација во висина од над **2.450.000,00 денари** или беа изземени и поделени над **310.000 парчиња** леб и лиснати производи како и сувомеснати производи како дел од новиот асортиман на поддршка до страна на **Енвирум Скопје**, а кои беа распределени – доделени на над 300 лица во тие градови каде се реализира оваа акција – проект. Како постојани корисници се и Здржението "Порака-Неготино" и корисниците на Дневниот центар во Волково, за лица со тешка и најтешка ментална попореченост како и РЕТО центарот за одвикнување од дрога и алкохол во с. Батинци.

# Витаминка и ние 2022!

Во текот на 2022 година, особено во продолжение на Ковид 19 кризата Витаминка од Прилеп повторни ја покажа својата општествено одговорна улога особено доделувајќи ни огромни количини н производи од нивниот голем асортиман.




Поддршката од **Витаминка се состоеше во слатко солени производи кои се споделуваа повеќето во Скопје, Битола, Штип**, **Кавадарци** и дел преку мрежата на Коалицијата и во други градови низ државата. Вкупната количина на донирани прехранбени производи за 2022 **година** изнесува над **17 тони**.

## Со наслов “ХУМАНОСТА НЕМА ПРЕПРЕКИ“ ТИНЕКС и БХМК во акција

Помошта од ТИНКЕС ја продоложи и оваа 2022 година. Вкупните донации кои ни ги доделија од страна на ТИНЕКС МКТ беа во вреднос од над 270.000,00 денари, или над 4 тони прехранбени производи од био програмата на ТИНЕКС МТ Скопје.

Помошта се сподели дел на нашите пријатели од Дневниот Центар на Порака Неготино, и значаен дел со нашит епријатели од РЕТО центарот за одвикнување од дрога и алкохол во с. Батинци.




## “НУЛА ГЛАД ВО МАКЕДОНИЈА“ акција во Центар и Кавадарци

Во текот на 2022 година продолжи акцијата започната уште во 2018 со Општините Центар и Кавадарци, обемот и интензитетот на истата се зголеми во Ковид 19 кризата.

### *Општина Центар*

Во Општина Центар заедно со Градоначалникот Горан Герасимовски, за периодот јануари – декември 2022 се собраа и поделија над 55 тони храна и хигиенски средства. Воглавно помошта се споделуваше по веќе однапред подготвените листи на корисници (над 150 фамилии), во одредени периоди се помагаа и над 250 стари и изнемоштени лица, како и седум згрижувачки семејства со грижа за над 29 дечиња. Дел од вишокот храна и прехранбени производи и хигиенски средства како помош и поддршка се сподели и со над 130тина фамилии и поединци кои ја изгубиле својата работа во време на пандемијата од Ковид 19 кризата.




Во 2022 година ни се приклучија и 4те градинки од Општина Центар, кои заедно со Градоначалникот Горан и ние како учесници во оваа акција собраната помош од над 1500кг ја споделивме со 7те згрижувачки семејства во Општина Центар.



## *Општина Кавадарци*

Не помалку важно се реализираа бројни акции за присобирање и споделување помош на фамилии од Кавадарци и околината. Вредните волонтери од Локалната неформална Банка за храна МК Кавадарци со помош и поддршка од Градоначалникот Митко Јанчев, и локалната бизнис заедница од Кавадраци успеа да собере и сподели над 35 тони храна и прехранбени производи кои стигнаа до крајните корисници, на места каде до тој момент никој не стигнал.




Етаблираната посебна Комисија за социјална помош преку која на транспарентен и брз начин се помагаше и во оваа 2020 година на секого во најбрз можен рок.

Новост во 2022 поврзано со работата на БХМК Кавадарци се оебзебдената материјална поддршка за нови платени волонтери до страна на Општина Кавадарци вклучени во системот на Банкарство со храна.

## *Петогодишен Јубилеј заедништво и соработка со нашите пријатели од* QSI International School of Skopje

И оваа 2022 година нашите пријатели од QSI International School of Skopje, менаџерскиот тим, родителите и секако најпосветените децата од школото во рамки на традиционалната акција Food Drive 2022 собраа над 1000 кг прехранбени производи кои се споделија со семејствата во социјален ризик од Скопје, како и со корисниците од Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености – Велес.






## Важни настани во 2022

Активностите на Банката за храна МК во оваа 2022 година го одбележаа и се реализираа следниве проекти и активности кои во голема мерка ја зајакнаа самата организација и капацитетите на истата, со кои можеме да одговориме на секоја зададена задача и да одговориме на секој предизвик на зададената мисија и цел на организацијата.

- Активностите на Банката за храна МК во оваа 2022 година го одбележа привршување на двегодишниот грант од **Цивка мобилитас** во чии рамки се ангажираа две нови лица за зајакнување на административниот капацитет на организацијата, како и за зајакнување на самата менаџерска структура, какои и можност за стекнување на знаења и вештитни во изградба и етаблирање квалитетна управувачка структура на самата организација.
- Обезбедивме средства од Програмата за инвестирање во животната средина за 2022 година за правни и физички лица, непрофитни и невладини организации и научни и образовни институции со насловен проект “Намалување на отпадот од вишокот храна“ во Кавадарци и околината
- Активно учествувавме на планираните настани на Цивика мобилитас – Форум на граѓанските организации во мај 2022 во Охрид и Фестивал на граѓански организации во октомври 2022.
- Во оваа година се зголеми бројот за шест нови волонтери воглавном студенти од УКИМ во Скопје, како и пет платени волонтери во БХМК Кавадарци.
- На наша иницијатива се реализира заедничка средба на Банките за храна од Србоја-Ниш, Банката за храна Косово, Банката за храна Македонија и како домаќин Банката за храна Војводина, каде се потпиша Меморандум за соработка, како основа за една идна Платформа на Балаканските Банки за Храна.
- И во оваа година продолжија активностите во рамки на Националната Акција – НУЛА ГЛАД ВО МАКЕДОНИЈА во чии рамки Општина Центар и Општина Кавадарци се предводници и се активни учесници.
- Кон крајот на годината се отпочна со планирање и избор на место во Општина Радовиш или Општина Конче, за изградба на објект за кокошки на нашиот пријател и корисник Даниел Здраков од Радовиш во чии рамки би прижажале на дело што и како се реализира постапката на Социјалн инклузија на лица кои се надвор од маргините на едно општество.
- Во текот на годината преку Платформата eCrowd се собраа средства за изградба на местото за чување кокошки на Даниел Здравков, а дополнително CBF Macedonia со значителни средства го заокружи потребниот буџет за реализација на замислата.

# Персонал и Управувачки тела на Банка за храна МК

***Членови на Храна за сите – Банка за храна МК:***

- Душко Христов, Претседател
- Душко Томашевски, Извршен Секретар
- Кате Т. Наумческа, член на ИО
- Христијан Христов, член на ИО
- Александар Чоковски, член на ИО

***Извршната канцеларија на Банката за храна Македонија се состои од:***

- Душко Христов, Претседател
- Светлана Христова, Административен асистент во БХМК
- Маја Поповска, Волонтерка
- Надица Христова, Волонетрка
- Јоана Манојловска, Волонтерка
- Роберто Паризов, Вололнтер во Кавадарци (БХМК)
- Александара Бојкова Паризова, Вололнтерка во Кавадарци (БХМК)
- Јулијана Наумовска, Волонтерка во Битола (БХМК)
- Васко Наумовски, Волонтер во Битола (БХМК)
- Борис Шарковски, Волонтер во Штип (БХМК)
- Ивана Штериова, Волонтерка во Штип (БХМК)

# Донатори и буџет за 2022

*Финансирањето во 2022 година се реализираше од следните донатори:*

- Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) – Цивика мобилитас
- Европска федерација на Банки за храна - ФЕБА
- Мисијата на Баптистичката Црква од Соединетите Американски Држави во Македонија – ЦБФ Македонија
- Министерство за животна Средина и Просторно Планирање - МЖСПП
- Општина Центар - Скопје
- ЕНВИРУМ  ДООЕЛ Скопје
- Витаминка Прилеп
- ТИНЕКС МТ Скопје
- ТРГОЈУГ Скопје
- РАМСТОР Маркети
- ВЕРО Маркети
- КАМ Маркети
- ВИТАЛИА преку Платформата Зелен Развој
- ДАУТИ КОМЕРЦ Скопје
- Винчини – МАК-ПРОГРС Виница
- **eCrowd** Платформа
- Бројни приватни компании и поединци - донатори

Вкупниот буџет (околна сума) за 2022 година изнесува над **10.242.700,00 МКД**

Завршната сметка за 2022 година ќе биде приложена како Анекс на годишниот извештај за 2022 после поднесување на истата до УЈП.

***Ја користиме оваа можност да им се заблагодариме на СИТЕ наши донатори за нивната поддршка во текот на годините.***

# Контакт


## ХРАНА ЗА СИТЕ – БАНКА ЗА ХРАНА МК

ул. Руди Чајавец 19/2-22 , П.ФАХ 219 , 1000 Скопје

канцеларија: ул. 3та Македонска бригада 48А 1000 Скопје

Web: www.bankazahrana.org

www.wsseffectmk.org

**@BANKAZAHRANAMK**

Тел: +389.70.34.36.36

ЕМБС: 06673686
Целосно име: Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 3.710.952,00 | | | 987.649,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 2.328.416,00 | | | 322.053,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 68.000,00 | | | 46.000,00 |
| 204 | - - Други услуги | 949.533,00 | | | 345.877,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 150.000,00 | | | |
| 206 | - - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 78.300,00 | | | |
| 209 | - - Наемнини | 132.000,00 | | | 273.719,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | 4.703,00 | | | |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 9.800.756,00 | | | 7.736.642,00 |
| 212 | - - Провизија за платен промет | 28.119,00 | | | 17.256,00 |
| 213 | - - Камати на кредити и заеми | 270,00 | | | |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 12.900,00 | | | 6.640,00 |
| 217 | - - Негативни курсни разлики | 2.499,00 | | | 4.220,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **218** | - - Членарини | 550,00 | | | 200,00 |
| **219** | - - Други расходи | 1.943.997,00 | | | 1.169.285,00 |
| **221** | - - Пренесени средства | 7.812.421,00 | | | 6.539.041,00 |
| **230** | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 384.010,00 | | | 384.000,00 |
| **231** | - - а) Вкалкулирани плати | 384.010,00 | | | 384.000,00 |
| **233** | - - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | | | | 1.048,00 |
| **235** | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 13.895.718,00 | | | 9.109.339,00 |
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 303.686,00 | | | 1.133.361,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 303.686,00 | | | 1.133.361,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 14.199.404,00 | | | 10.242.700,00 |
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 9.935.914,00 | | | 9.939.014,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 4.263.490,00 | | | 303.686,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+248+249 | 14.199.404,00 | | | 10.242.700,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 14.199.404,00 | | | 10.242.700,00 |
| **438** | - - Број на работници | 1,00 | | | 1,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 967.696,00 | 1.076.806,00 | 167.850,00 | 908.956,00 |
| 3 | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 760.538,00 | 869.648,00 | 167.850,00 | 701.798,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4** | - - Земјишта и шуми | 358.248,00 | 358.248,00 | | 358.248,00 |
| **6** | - - Опрема | 402.290,00 | 511.400,00 | 167.850,00 | 343.550,00 |
| **8** | - - МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДГОТОВКА | 207.158,00 | 207.158,00 | | 207.158,00 |
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 1.095.686,00 | 1.133.361,00 | | 1.133.361,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 1.093.662,00 | 1.011.695,00 | | 1.011.695,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 534.924,00 | 830.133,00 | | 830.133,00 |
| **14** | - - Девизна сметка | 558.738,00 | 181.562,00 | | 181.562,00 |
| **20** | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | | 24.876,00 | | 24.876,00 |
| **23** | - - ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ | 2.024,00 | 2.024,00 | | 2.024,00 |
| **24** | - - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | | 94.766,00 | | 94.766,00 |
| **25** | - - Однапред платени разграничени трошоци | | 94.766,00 | | 94.766,00 |
| **28** | - - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | | 138.028,00 | 138.028,00 | |
| **31** | - - Ситен инвентар | | 138.028,00 | 138.028,00 | |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 2.063.382,00 | 2.348.195,00 | 305.878,00 | 2.042.317,00 |
| **44** | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 967.696,00 | | | 908.956,00 |
| **45** | - - Деловен фонд | 967.696,00 | | | 908.956,00 |
| **51** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 792.000,00 | | | |
| **55** | - - г) краткорочни финансиски обврски | 760.000,00 | | | |
| **61** | - - Обврски за плати | 32.000,00 | | | |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 303.686,00 | | | 1.133.361,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 303.686,00 | | | 1.133.361,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 2.063.382,00 | | | 2.042.317,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 1.644.923,00 | | | 959.040,00 |
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 258.960,00 | | | 259.380,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 108.018,00 | | | 107.520,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 17.520,00 | | | 17.100,00 |
| **691** | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | 9.934.205,00 | | | 9.939.014,00 |
| **692** | - - Приходи од други извори(< или = на АОП 244 од БПР) | 1.709,00 | | | |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 1,00 | | | 1,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 303.686,00 | | | 1.133.361,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 303.686,00 | | | 1.133.361,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 303.686,00 | | | 1.133.361,00 |

## труктура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претхо на година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2598** | - 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место | | | | 10.242.700,00 |

**Потпишано од:**

Ljupcho Bojkovski

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

За ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје
Душко Христов, Претседател

From: esubmit@crm.org.mk [mailto:esubmit@crm.org.mk]
Sent: Thursday, March 2, 2023 4:19 AM
To: bojkovski@sfid.mk
Subject: [E- поднесување на годишни сметки] Известување за одобрена годишна сметка
Importance: High

Годишна сметка за 2022 година со деловоден број 45020230057681, за субјектот Здружение за поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица **ХРАНА ЗА СИТЕ - БХМ Скопје**, со **ЕМБС 06673686** е **одобрена.**